Оливер Соколов Сокол
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

# ПРАВИЛНИК
## за настап на XVIII меморијалниот турнир во мал фудбал
## "Оливер Соколов - Сокол" 2021 год.

### 1. Пријавување на екипа:

- Бројот на екипи е лимитиран на 48;
- За да се пријави екипа потребно е да се подигне формулар за пријавување на екипата кој е во склоп на овој правилник;
- Секоја екипа задолжително треба да има сопствено лого или лого на спонзор под кое ќе настапува и истото ќе треба да го испрати на e-mail: oliver.sokolov.sokol@gmail.com заедно со потврдата за уплатена котизација и пополнетиот формулар од екипата како би го загарантирана учеството на турнирот;
- Котизацијата за учество на турнирот изнесува 6.000 денари и истата треба да се уплати на жиро сметката прикажана подолу во правилникот;
- Уплатата за котизација се врши строго на жиро-сметка и истата треба да биде најдоцна до 28.08.2021 година;
- За да биде целосна пријавата, покрај испратеното лого, доказот за уплата (уплатница) и формулар за пријавување на екипа на наведенената е-пошта, претставникот на екипата, најдоцна еден ден пред ждребањето треба да ги достави истите во hard copy кај одговорното лице на организаторот на турнирот;
- Доколку тоа не го направи во дадениот рок и на начинот објаснет во правилникот, екипата нема да се смета за уредно пријавена и истата нема да може да земе учество на турнирот, а евентуално уплатената котизација ќе биде вратена на лицето или фирмата уплаќач;

### 2. Број на играчи:

- Екипата може да пријави 12 играчи (10+2);
- Списокот на играчи, тренер и претставник на екипа се доставува по пат на пополнет формулар при самото пријавување на екипата и истиот е конечен до крајот на турнирот;
- Списокот на пријавени играчи, тренер и претставник на екипа не може да се дополни ниту коригира по завршувањето на ждрепката;
- Еден играч, тренер или претставник на екипа не може да настапи за екипа доколку претходно е пријавен на списокот или веќе играл за друга екипа на овој турнир. Доколку се случи такво нешто се санкционира целата екипа со дисквалификација;

### 3. Опрема:

- Секоја екипа е обврзана да има свои дресови (маици) со видливо лого и броеви;

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- Во случај дресовите (маиците) да се идентични со противничката екипа, екипата „гостин“ е должна да облече маркери изготвени од организаторот;
- Во случај на влез во игра на играч на местото на голман, играчот е должен да облече маркер изготвен од организаторот;
- Голманите задолжително мора да имаат различни дресови (маици) кои ќе се разликуваат по боја од останатите играчи од својата и противничката екипа;

**4. Правила на игра:**

- Се игра делумно по ФУТСАЛ правила;
- Се игра во 8 групи од по 6 екипи, од кои првите 4 од секоја група одат понатаму. Истите прават круг од 32 екипи и ја сочинуваат 1/16 финална елиминациона фаза, од која подобрите продолжуваат во 1/8 финале, 1/4 финале..., и се така до финалето.
- Се игра 2×15 мин во групна фаза, 2×20 мин во елиминации до полуфинале и 2×25 мин во полуфинале и финале;
- Пауза помеѓу секое полувреме е 5 минути;
- Во игра не смее да има повеќе од 6 играчи (5 играчи + 1 голман);
- Пред почеток на натпреварот секој пријавен/присутен од списокот на екипата за секој натпревар присутноста ја докажува кај одговорните лица на записничка маса со патна исправа (лична карта, пасош, возачка), истите можат да бидат и во дигитална форма на телефон;
- Доколку не е присутно одговорното лице на екипата кое е наведено на пријавата, автоматски одговорно лице за екипата е тренерот или капитенот на екипата;
- Времетраењето на фудбалскиот натпревар го мери записничката маса и судијата, а истиот може да се следи и на дигиталниот семафор;
- За секој подолг прекин во текот на натпреварот времето се стопира од страна на судиите и записничката маса и истиот се доигрува до истек на времето;
- Сите натпревари во групи преку недела (работни денови) стартуваат од 18:00 часот па се до 23:50 часот. За викендите (сабота и недела) и неработните денови натпреварите стартуваат од 12:00 часот па се до 15:35 часот и продолжуваат од 18:00 часот па се до 23:50 часот. Тука е пресметано времето на паузите за секое полувреме од 5 минути, како и подготовката и загревањето на екипата пред почеток на секој натпревар од 10 мин. Првите натпревари ќе се одиграат на 1 Септември по официјалното отворање на турнирот и веднаш по ревијалниот натпревар, со почеток во 21:00 па се до 23:00 часот. Екипите кои ќе играат во овие термини ќе бидат известени на денот на ждребањето;
- Елиминациските натпревари ќе стартуваат од 18:00 часот па се до 23:15 часот со пресметано времето на паузите за секое полувреме од 5 минути, како и подготовката и загревањето на екипата пред почеток на секој натпревар од 10 мин;

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- Полуфиналните и финалните натпревари ќе стартуваат од 20:00 часот па се до 22:10 часот со пресметано време на паузите за секое полувреме од 5 минути, како и подготовка и загревање на екипата пред почеток на секој натпревар од 10 мин;
- Промена на терминот или одложување на натпревар не е дозволена по ниедна основа, освен од страна на организаторот заради временска непогода или ковид протокол. Презакажаниот термин ќе се одигра со известување од страна на организаторот кон екипите најдоцна 12 часа од закажување на наредниот термин;
- За непојавување на екипа на натпревар резултатот се санкционира како службен (3:0) во полза не другата екипа;
- Доцнење на екипа – Максимум 10 минути од терминот за игра. Времето ќе се мери на семафорот, по истек на истото натпреварот се регистрира како службен (3:00) во полза на другата (присутната) екипа;
- На полуфиналните и финалната натпревар секоја екипа има право на еден тајмаут во секое полувреме во време траење од 1 минута, но истиот доколку не се искористи во првото полувреме не се пренесува во второто полувреме;
- Измените на играчите за време на одигрување на натпреварот се „летечки" и истите се вршат во рестриктивниот простор кој е видно обележан. Секое непочитување се санкционира со 2 мин исклучување на играчот кој треба да влезе;
- Бројот на прекршоци (фаули) дозволени во едно полувреме е пет и истиот не се пренесува во второто полувреме;
- После петтиот фаул секој нареден се санкционира како пенал кој се изведува со удар од 10 метри;
- Прекршок во казнениот простор (6м) е пенал и се изведува на линија од 6 метри;
- Во зависност од намерата (интензитетот) на прекршокот, истиот може да се санкционира со исклучување од 2 минути, црвен картон, суспензија од неиграње на еден натпревар, па се до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Вратена топка на голман и доколку истиот ја фати со рака се санкционира како индиректен удар од местото каде е фатена топката, но истото не се регистрира како фаул;
- Изведувањето на аут е на самата линија или зад линија, а играот со двете нозе е зад аут линијата – надвор од теренот;
- Постои корнер од голман;
- При гол аут, голманот треба да ја изведе топката исклучиво со нога во просторот од 6 метри, до центар на игралиштето;
- Голманот може да ја држи топката 5 секунди сè додека не премине во противничката половина, по што стекнува право на играч (фудбалер) без ограничување на времето;
- Во состојба на гол-аут, голманот нема право да ја исфрли-шутне топката преку центарот на игралиштето;
- Аут се изведува со топката на сама линија или зад линија во време траење од 5 секунди, а изведувачот на аутот мора да е зад линијата со двете нозе;
- Живиот ѕид е оддалечен на 5 метри од изведувањето;

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- Фрлена топка од голман преку половина на центарот не се санкционира само доколку голманот топката ја вати во игра и истиот може да даде гол со рака;
- Гол се важи само и исклучиво ако целиот обем на топката ја помине гол линијата, исто важи и за аут како и за гол-аут;
- Приговор на судија се санкционира со 2 минути исклучување;
- Навреда на судија (пцуење, плукање, закани …) се санкционира со црвен картон и суспензија од неиграње на еден натпревар, па се до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Напад на судија се санкционира со дисквалификација на целата екипа до крајот на турнирот;
- Навреда на противнички играч или екипа (пцуење, плукање, закани …) се санкционира со црвен картон и суспензија од неиграње на еден натпревар, па се до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Напад на противнички играч или екипа се санкционира со дисквалификација на целата екипа до крајот на турнирот;
- Навреда или напад играч од иста екипа (пцуење, плукање, закани …) се санкционира со црвен картон и суспензија од неиграње на еден натпревар, па се до дисквалификација до крајот на турнирот;
- Секој лизгачки старт се санкционира со 2 минути исклучување, без разлика дали лизгачкиот старт е на играч или топка;
- Два пати исклучување од 2 минути на ист играч во текот на ист натпревар се санкционира и регистрира како ЦРВЕН КАРТОН;
- Во текот на натпреварот присутни лица во кабината се само лицата кои се пријавени на списокот, во спротивно за секое лице надвор од списокот, екипата добива по 2 минути исклучување на играч;
- Високо подигната нога (ЃОН) се санкционира како индиректен удар од местото каде е направен, но не се регистрира како фаул;
- Секој директен удар (игра со рака) се регистрира како фаул;
- Се игра систем во групи и тоа во однос на пријавени екипи, бројот на групи и екипи во групите ќе биде објавен на денот на ждрепката;
- Секоја група во ждребот ќе има носител, екипа која ќе биде одбрана од комисијата составена од организацискиот одбор на турнирот;
- Извлекувањето на групите ќе се врши јавно на 30.08.2021 година во 20:00 часот на игралиштето Сокол каде ќе се одржи самиот турнир, а истите ќе бидат објавени на самото отворање на турнирот на 01.09.2021 година со почеток во 20:00 часот освен оние кои ќе играат на истиот ден од 21:00 и ќе бидат известени на денот на ждрепката;
- Секоја екипа ќе може да се информира за терминот и редоследот на натпреварите на нашата web страна www.sokolturnir.mk и www.sokolturnir.com.mk, на нашиот facebook page www.facebook.com/MemorijalenTurnirSokol/, како и на паното кое ќе биде изложено на самото игралиште.

Оливер Соколов Сокол
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

**5. Судење:**

- Овој турнир од почеток на натпреварите па се до крајот на истите ќе биде суден од професионални судии;

**6. Бодување:**

- За победа во групна фаза се добива 3 бода;
- За нерешен резултат во групна фаза секоја екипа добива по 1 бод;
- За нерешен резултат во елиминациона фаза се изведуваат по пет пенали. Доколку тоа не донесе победник се продолжува наизменично по еден пенал до добивање на победник;
- За нерешен резултат во полуфинална и финална фаза по истекот на регуларното време се играат две продолженија од по 5 минути. Доколку продолженијата не донесат победник се преминува на изведување на пенали. Доколку ни тоа не донесе победник се продолжува наизменично по еден пенал до добивање на победник;
- Доколку две екипи имаат ист број на бодови за пласман во елиминациона фаза се зема предвид меѓусебниот дуел. Доколку истиот дуел е со нерешен резултат предвид се зема гол разликата. Доколку имаат иста гол-разлика се влече жрепка;
- Доколку три екипи имаат ист број на бодови за пласман во елиминациона фаза се зема предвид меѓусебниот диел. Доколку истиот дуел е со нерешен резултат предвид се зема гол разликата. Доколку имаат иста гол-разлика се влече жрепка;

**7. Ковид услови**

- Во случај на Ковид мерки, се постапува по државните протоколи, ако нема услови за одигрување на турнирот, при групна фаза се враќа котизацијата за учество на сметка на уплаќачот.
- Доколку се стигне во елиминациона фаза, натпреварите продолжуваат и се доигруваат по олабавување на мерките односно кога ќе се создадат услови за истото;
- Во случај на доигрување на турнирот не се дозволени измени на списокот на играчи;
- Доколку се воведе полициски час ќе има промени на термините на играње само доколу истиот го дозволува тоа со редуцирање на бројот на натпревари кои може да се одиграат во еден ден. Во најлош случај, доколку нема услови може да дојде до одложување на турнирот;

**8. Избор на индивидуални награди:**

- За избор на индивидуалните награди е составена комисија од лица од сегашни и поранешни спортисти , тренери, професионалци и стручни лица во делот на спортот;

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

- За избор на нај добар играч/фудбалер, нај добар голман, нај добар млади играч, ќе се следат сите натпревари од почеток до крајот, а во трка ќе влезат сите натпреварувачи кои ќе влезат во полуфиналните и финални натпревари;
- Изборот за нај добар млад играч ќе се врши од натпреварувачи до 20 годишна возраст;

**9. Награден фонд:**

***Тимски награди***

- За освоено I Место наградата изнесува 260.000,00 денари и ваучер од 15.000,00 денари во **Ресторан Фиш**;
- За освоено II Место наградата изнесува 130.000,00 денари;
- За освоено III Место наградата изнесува 70.000,00 денари;
- За освоено IV Место наградата изнесува 30.000,00 денари;

***Ивдивидуални награди***

- За нај добар играч/фудбалер парична награда од 15.000,00 денари, ваучер во висина од 30.000,00 денари од **Европски Универзитет**, ваучер за дваjца за две ноќевања од **Панотама Хотел & Спа Крушево**, ваучер со 3 месечна членарина за фитнес, спа и масажа од **Fitness & Spa Park – Парк Хотел & Спа**;
- За нај добар голман парична награда од 15.000,00 денари, ваучер во висина од 30.000,00 денари од **Европски Универзитет**, ваучер за дваjца за две ноќевања од **Панотама Хотел & Спа Крушево**, ваучер со 3 месечна членарина за фитнес, спа и масажа од **Fitness & Spa Park – Парк Хотел & Спа**;
- За нај добар млад играч парична награда од 15.000,00 денари, ваучер со едногодишна стипендија од **Европски Универзитет**, ваучер за дваjца за две ноќевања од **Панотама Хотел & Спа Крушево**, ваучер со 6 месечна членарина за фитнес, спа и масажа од **Fitness & Spa Park – Парк Хотел & Спа**;

**10. Напомена:**

- Секој (играч, тренер, претставник …) со пополнување и потпишување на пријавата го потврдува своето учество на Сокол 2021 год., и се согласува личните податоци да бидат обработени за потребите на организаторот;
- Секој пријавен се согласува дека го отстапува својот лик за потребите на организаторот и неговите покровители за медиумски кампањи поврзани со турнирот;
- Со потпишување на пријавата сите потпишани се свесни за евентуалните несакани повреди и последици кои евентуално би настанале при играта и истите нема да имаат никакви побарувања од организаторот на турнирот ниту кон поединци кои се во самата организација;

Оливер Соколов **Сокол**
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ

+389 77 655 699
www.sokolturnir.mk
Бул. 8-ми Септември 8/2-4
oliver.sokolov.sokol@gmail.com

**ОВОЈ ТУРНИР Е ОД МЕМОРИЈАЛЕН КАРАКТЕР И БЕЗ РАЗЛИКА НА НАГРАДИТЕ ПРЕДПОЧИТАМЕ ФЕР И КОРЕКТНА ИГРА.**

**Име на организацијата / Name of the organization**
Здружение на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал “**Оливер Соколов – Сокол**”

| | |
|---|---|
| **website:**<br>www.sokolturnir.mk | **e-mail:**<br>oliver.sokolov.sokol@gmail.com |
| **Одговорно лице / Person in charge:**<br>Неделковски Бојан | **Одговорно лице / Person in charge:**<br>Бадев Димитар |
| **Телефон / Telephone:**<br>+389 77 655 699 | **Телефон / Telephone:**<br>+389 77 655 988 |
| **Банка депонент:**<br>Халк Банка АД Скопје | **Жиро сметка / bank account:**<br>**270073547030166** |

Со почит,
**Организатор на турнирот**
Здружение на граѓани за подготовка и организирање на меморијален турнир во мал фудбал “**Оливер Соколов – Сокол**”